Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-456/16
23-03-2023 год.-vite
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија“ бр.24/2019 член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.**02317/2023** врз основа на Извештајот од спроведена постапка бр.05-456/15 од 21.03.2023 година од Комисијата за јавни набавки ,Директорот на Друштвото донесе:

## О Д Л У К А

**за поништување на постапката за доделување на договор на јавна набавка бр.02317/2023 за Набавка на електрична енергија**

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на поедноставена отворена постапка со електронска аукција за Набавка на електрична енергија согласно член 114 став 1 алинеја 2 од ЗЈН (**не е поднесена ниту една прифатлива понуда).**

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесување на одлуката да ги извести учесниците во постапката за Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка за причините за поништување на постапката и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

### Образложение

По извршената евалуација на единствената пристигната понуда од ДТУ ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД Скопје врз основа на проверка на финансиската понуда во поглед на цената за Набавка на електрична енергија по оглас за јн.бр.02317/2023 во Извештајот од спроведена постапка бр.05-456/15 од 21.03.2023 година од Комисијата за јавни набавки е констатирано следново:

Единствената поднесена понуда е отфрлена како неприфатлива поради тоа што понудената маржа не е во согласност со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија бр.41-7778/1 од 09.09.2022.(Сл.весник бр.197/2022), а согласно добиено мислење од Бирото за јавни набавки.

Врз основа на погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 114 став 1 алинеја 2 од ЗЈН.

**Правна заштита**

Жалбата се изјавува во рок од **пет** дена од денот на приемот на одлуката за поништување на постапката до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**

**Шевал Цеку , дипл.социолог**

**Доставено до:**

Сектор за економско-финансиски работи и информатика
Сектор за стопанисување со деловен простор
Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев
Архива

| | | |
|---|---|---|
| Изготвил: | Јанко Михајловски | |
| Контролирал: | Анета Тодоровска | |
| Одобрил: | Кирил Ѓорѓов | Пом Директор за деловен простор |
| | Аријана Раман | Пом Директор за финансии |